Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 14.09.2023

СВР Штип до Основното јавно обвинителство Штип, поднесе кривична пријава против А.П.(42) од Штип, поради постојаните основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Имено, по пресреден оперативен настан било дојдено до сознание дека пријавениот во текот на 2023 година набавувал разни видови наркотици, кои во неговите дом и продавен објект во Штип ги продавал на наркозависници. При претрес во неговиот дом и други простории на 12.09.2023, извршен со судска наредба, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дроги и оружје при СВР Штип го затекнале Х.Д.(27) од Штип на кого му продал марихуана, која била пронајдена при претрес кај него. Исто така, при претрес во домот и продавниот објект биле пронајдени и одземени марихуана, кокаин, амфетамин и светло кафеава кристална материја. Лицето било задржано во полициска станица и заедно со пријавот бил изведен пред судија на претходна постапка, кој му определил мерка притвор во траење од 30 дена.

На 13.09.2023 околу 11.20 часот на автопатот Гевгелија – Скопје, во близина на наплатна станица Смоквица, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции во Биро за јавна безбедност го лишиле од слобода Д.Ц.(44) од Виница. При прегледа на товарно возило „цитроен џампер" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 20 лица мигранти (19 од Сирија и 1 од Ирак), меѓу кои четири малолетници. Имено, тој претходно не застанал на знак за запирање даден од полициските службеници, продолжил со движење и со возилото скршил рампа на наплатната станица, по што скоснал до возилото и го напуштил местото. Набргу, по пресреден мерки, Д.Ц. бил пронајден и лишен од слобода. Тој бил задржан во полициска станица и во конзултација со јавен обвинителен против него ќе биде поднесена соодветна пријава, а мигрантите биле сместени во прифатен центар за странци во Скопје.

Ноќва (14.09.2023) во 01.20 часот на Граничен премин Богородица, полициски службеници од Полициската станица за гранични премини и граничен надзор Богородица го лишиле од слобода Н.М. од Гевгелија. При прегледа на патничкото возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени 387 штеки различни видови цигари и 1250 грама тутун, за кои не поседувал соодветна документација. Лицето било задржано во полициска станица и за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.09.2023 околу 19.00 часот на автопатот Гевгелија – Скопје, во близина на клучка Миравци, гевгелско, полициски службеници од Полициската станица за гранични премини и граничен надзор Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода Б.Ј.(30) од Б.Ј.(26), двајцата од Велес, поради сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". Претходно, тие биле забележани со патничко возило „фолксваген голф" и „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, а кај клучка Миравци, возилата биле запрени и при прегледа во возилото „голф", кое го управувал Б.Ј., биле пронајдени пет лица мигранти (четири од Сирија и еден од Авганистан). Мигрантите биле сместени во прифатни центри во Скопје и Гевгелија. Лицата биле задржани во полициска станица и за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот, против них ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 13.09.2023 околу 13.45 часот на улица „Цветан Димов" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода тетовските Г.В.(18) и Б.А.(23), затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 13.09.2023 во 11.30 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Д.Н.(21) и Х.М.(26), двајцата од Велес. Тие биле затекнати при купопродажба на дрога и се обиделе да побегнат, но набргу биле фатени и лишени од слобода. Кај них биле пронајдени и одземени марихуана и кокаин. Во 14.40 часот од слобода бил лишен и Л.М.(48) од Велес, кој бил со Д.Н. и Х.М. а претходно успеал да побегне. За настанот бил известен јавен обвинител, а лицата биле приведени во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.09.2023 во 18.00 часот на регионален пат Радовиш – село Вокславци, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Е.Г. (35) од село Бучум, радовишко. При знак за запирање, даден од полициските службеници, тој од возилото „форд" со радовишки регистарски ознаки, кое го управувал, фрлил неколку кесиња со марихуана, кои биле пронајдени и одземени. Лицето било задржано во Полициската станица Радовиш и за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (13.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 183 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 52 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, шест мерки за користење мобилен телефон при управување, 27 санкции за пречекување што не чинат пешачите...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (13.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на СВР Битола санкционирани се 101 возач, меѓу кои 69 мерки се изречени за возење повеќе од дозволената брзина, 7 мерки за возење без возачка дозвола, 4 возачи за управување под дејство на алкохол, 3 санкции за непрописно паркирање. Изречена е една санкција за користење на мобилен телефон при возење...

Во текот на вчерашниот ден (13.09.2023), полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 69 возачи. Од них 47 на подрачје на Куманово, 12 во Крива Паланка и 10 во Кратово.

На 13.09.2023 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола на брзината со која се движат возилата. При контролата биле откриени и санкционирани 48 пречекувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-38 и ГВ-10), од кои 2 возачи (ТЕ) пречекувале на 94 километри на час, 13 (ТЕ) за 50 до 70 километри на час. Санкционирани, исто така, биле и 14 прекршоци (ТЕ) во населено место, каде возачите ја надминале пропишаната брзина, како и 3 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

На 13.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 45 прекршоци, од кои 24 надвор од населено место и 21 во населено место. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некорректне сигурносен појас и 14 за непрописно паркирање.

На 13.09.2023 во 22.22 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Генерал Васко Карангелевски" и ул.„21" во Битола, момед „апринја", управувал од 17-годишник од Битола, удрил во пешакот Н.М.(62) од Битола. Во несреќата пешакот се здобил со тешки повреди констатирани во Клиничка болница Битола.Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 13.09.2023 во 19.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека во с.Ропалиќе, општина Липково, трактор со приколка удрил во малолетникот од с.Ропалиќе и го напуштил местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 13.09.2023 во 23.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Т.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Лисец" бил каснат од куче скитник.

На 13.09.2023 во 13.25 часот во Полициската станица Горче Петров, К.К.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Пука Герои" бил каснат од куче скитник.

Денеска (14.09.2023) во 12.20 часот на ул.„Индија 7 Гандж" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрери при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(20) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 13.09.2023 во 22.30 часот во стручниот, полициски службеници од Полициското одделение Ново Село го лишиле од слобода А.В.(25) од село Косјерина, општина Македонска Каменица. Тој се сомничи дека извршил облувба врз 81-годишна жена од стручниот. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица, за настанот бил известен јавен обвинител до Основното јавно обвинителство Струмица и против него ќе биде поднесена кривична пријава. Во текот на денот ќе биде изведен пред Судија на претходна постапка од Основен суд Струмица.

Денеска (14.09.2023) во 13.45 часот на надвозник на клучка кај с.Стајковци, скопско, полициски службеници од Оперативен тим потрери при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.В. од С.Добри Дол, скопско. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од шест години. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 13.09.2023 околу 23.50 часот на место викано „Чардак" на подрачје на Неготино, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции во Биро за јавна безбедност ги лишиле од слобода А.А.(23) и Р.Д.(29), двајцата во Неготино. При прегледа во патничко возило „опел" кое го управувал А.А. и патничко возило „крајслер" кое го управувал Р.Д., двете без регистрациски таблички, биле пронајдени и одземени огревни дрва без документација. Дрвата и возилата биле одземени за понатамошна постапка, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против двајцата ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (14.09.2023) во Полициската станица Чаир бил повикан А.Х.(51) од Скопје. Тој се сомничи дека на 12.09.2023 во Шуто Оризари извршил кражба, при што од отклучено возило сопственост на Р.И.(33) од Скопје одзел чанта со мобилен телефон. Во службен разговор тој го признал делото, а одземеното било пронајдено и вратено на сопственичката. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.09.2023 во 21.00 часот на булеварот „АСНОМ" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода е А.З.(20) од Струга, затоа кај него била пронајдена и одземена марихуана. Подоцна, при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и предмети со остатоци од марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (13.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 534 возачи. Од нив 41 возило се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а тет возила се движеле дури со 70 километри на час над дозволеното. Притоа 251 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 283 надвор од населено место.

На 13.09.2023 во периодот од 14.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршена е акциска контрола во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 44 возачи, кои во и надвор од населени места управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид- 16, Струга-08, Кичево-10, Дебар-10).

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.С.(42) од Охрид, поради постојаните основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" и „немашкување судска одлука". Тој, на 30.08.2023 околу 18.30 часот, во семејната куќа, физички ја нападнал неговата сопруга, а од претходно инаго решение со Основниот суд во Охрид за изречени привремени мерки на заштита од семејно насилство.

На 13.09.2023 во 08.30 часот во СВР Скопје, К.А.(25) од Скопје пријавил дека околу 07.40 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од еден лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.09.2023 во 15.28 часот во СВР Скопје, 38 - годишна жена пријавила дека на 12.09.2023 околу 15.00 часот во домот на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот сопруг С.П.(41). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.09.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Чаир, Ш.И.(45) од с.Црн Врв, скопско, осуденик во Казнено-поправната установа Затвор Скопје пријавил дека во 12.45 часот во просторија во установата, бил физички нападнат од друг осуденик С.Ѓ.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по кој ќе следува соодветен поднесок.

На 13.09.2023 во 17.15 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека во с.Горно Лисиче, на место викано „Мачкини дупки", настанал пожар при што биле оштетени виновен куќа, сопственост на Т.С.(50), 15 празни сандаци за пчели, сопственост на Г.А.(51) и пет полни сандаци со пчели, сопственост на Б.С.(44), сите од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 13.09.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје, К.А.(47) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од М.А.(56) од с.Арачиново, кој бил со К.А., по што му се закаканте со тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.09.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје, С.Л.(56) од Скопје пријавил дека околу 13.20 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од еден лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.09.2023 во 10.00 часот во ЕНК при СВР Скопје В.С.(30) и М.Н.(38) од Скопје пријавиле дека на 11.09.2023 околу 02.15 часот на подрачјето на Аеродром еден лице, кое било со возило „џип, со остар предмет ги нападнало и им нанело повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.09.2023 во 08.40 часот во СВР Скопје М.Г.(67) од Скопје пријавил дека околу 08.00 часот на пазар во населбата Драчево, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.Ј.(52) од с.Елово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.А.(38) од Скопје, поради постојаните основи на сомнение за сторено кривично дело „Бесправно градење". Тој, на катастарска парцела во охридското село Лубаништа, без да поседува соодветна документација за градба изградба од надлежен државен орган, извршил изградба на објект од метална конструкција. При извршен вонреден инспекциски надзор, овластен градежен инспектор при општина Охрид, констатирал дека пријавениот градежните зафати ги извршил без потребната документација во согласност со Законот за градба.

На 13.09.2023 во 13.40 часот, Д.М.(74) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „11 Октомври" во Кичево била касната од куче скитник. Истиот ден, К.П.(49) од кичевското село Другово пријави дека на булеварот „Ослободување" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 13.09.2023 во 21.23 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај них со повреда од огрено оружје било донесено машко лице. Полициски службеници излегле на местото и било утврдено дека станува збор за М.И. (31) од Арачиново, скопско, кој според примичните информации бил повреден на семејна веселба во скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ц.Ј.(39) од С.Пирок, тетовско, поради постојаните основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување на недвижности". Пријавениот, во Национален парк „Шар Планина" поставил жичана ограда на метални шипки бетонирани во земја на земјиште во државна сопственост.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.А.(65) од Кичево, поради постојаните основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 12.08.2023 во Кичево, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

Сајтот е изработен во рамки на проектот „Е-Влада" кој се спроведува од страна на Министерство за информациско општество и администрација, а е финансиран од страна на Светската банка.
Содржината на сајтот е сопственост на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Сајтот е изработен согласно стандардите на World Wide Web Consortium (W3C) и е во согласност со Законот за електронска управа и Законот за електронски документи, електронски идентитет и доверливи услуги.
Сајтот е оптимизиран за Google Chrome, Mozilla Firefox, Safari и Microsoft Edge.
Сајтот е тестиран на Windows, Linux и Mac OS.
Сајтот е оптимизиран за 1024 x 768 и 1280 x 1024 резолуција.
Сајтот е изработен во Drupal 7 CMS.
Сајтот е хостиран на Macedonian Academic Research Network.
Последна измена на сајтот: 14.09.2023

Сајт на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул. Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет